# КОДЕКС ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА **УЧЕНИЦИ**

1. **Почитување на наставниците и вработените**

- Учениците се должни да покажуваат почит кон своите наставници и другите вработени во училиштето;
- Грубото, непочитливо или агресивно однесување кон наставниците и вработените не е дозволено.

2. **Ученикот и наставата**

- Учениците задолжително треба да доаѓаат во училиште 10 минути пред почетокот на наставата;
- Задолжително да присуствуваат на настава, за секое отсуство да приложат писмено или усно оправдување од родителот или старателот;
- Пристојно и трпеливо да чекаат во училница пред започнувањето на часот;
- Секогаш да бидат подготвени за работа (настава);
- Редовно да ги носат потребните материјали за работа (училишен прибор, тетратки и учебници, опрема за физичко и здравствено образование, прибор за цртање и материјали за работа по техничко образование;
- Да придонесуваат за позитивна работна атмосфера со активно ангажирање на часот;
- Да го почитуваат правилото дека користењето на мобилни телефони за време на часовите не е дозволено, освен ако истите се користат како едукативна алатка со претходна дозвола на наставникот.
- За време на настава мобилните телефони задолжително да се оставаат на одредено место во училницата (пред почетокот на наставата) и да ги земат по завршување на наставниот час.
- Носење на мобилни телефони за учениците од одделенска настава е дозволен исклучиво со согласност на одделенскиот раководител.
- Ученикот не смее самоволно да го напушти часот. Недолично и недисциплинирано однесување на часот се казнува со соодветна педагошка мерка според Правилникот на училиштето.

3. **Почитување на соучениците**

- Учениците треба да се однесуваат кон своите соученици со почит и разбирање;
- Насилството, малтретирањето и навредливото однесување се строго забранети;
- Строго се забранува вербално или физичко насилство! Игнорирање, упатување навредливи зборови, омаловажување, исмејување, нанесување психичка болка е исто така насилство!
- Соработката и меѓусебното помагање се поттикнуваат во училишната средина.

4. **Грижа за училишниот имот**

- Учениците треба да се грижат за училишниот имот, да го чуваат чист и цел;
- Оштетување на училишниот инвентар или простории се санкционира со педагошка мерка и надомест за направената штета.

5. **Одговорно користење на училишните ресурси**

- Учениците можат да користат училишни уреди и опрема (компјутери, спортски реквизити и сл.) соодветно и одговорно;
- Забрането е самоволно користење на училишни ресурси без дозвола од наставник или вработен.

6. **Лична хигиена и училишна облека**

- Учениците треба да внимаваат на својата лична хигиена и да носат пристојна и соодветна облека за училишната средина (без кратки маици и здолништа, длабоко деколте, искинати фармерки и сл.);
- Забранети се нагласена шминка, несоодветна фризура, непристојна облека или симболи кои можат да предизвикаат негативни реакции;

7. **Почитување на распоредот и дисциплината**

- Учениците се должни да ги почитуваат распоредот на часовите и да бидат точни на нив;
- Непочитувањето на дисциплинските правила може да резултира со соодветни педагошки мерки.

**8. Училишни активности и воннаставни програми**

- Учениците треба активно да учествуваат во училишните активности, како и во воннаставните програми, соодветно на нивните интереси и способности;
- Во текот на учеството на настани, учениците се должни да се однесуваат одговорно и да го претставуваат училиштето на најдобар можен начин.

**9. Заштита на животната средина**

- Учениците се поттикнуваат да се грижат за животната средина во и надвор од училиштето, да не фрлаат отпад и да чуваат чиста средина.

**10. Одговорно користење на технологија**

- Учениците треба одговорно да ги користат мобилните телефони, компјутери и други уреди во училиштето;
- Забрането е снимање, фотографирање или користење на технологија во несоодветни ситуации без дозвола.

**11. Учениците и родителите**

Учениците се должни:

- Редовно и искрено да ги информираат родителите за успесите, но и за неуспесите на училиште. Сите одлуки во врска со училиштето да ги донесуваат заеднички со родителите;
- Доколку имаат некаков проблем или доживуваат врсничко насилство веднаш да ги информираат родителите, а потоа и училишните структури (раководител на паралелка, психолог, педагог, директор).

**Директор**
**Елена Ристоска**

# КОДЕКС ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА **НАСТАВНИЦИ**

## ОСНОВНИ НОРМИ И НАЧЕЛА

Определувајќи се за професијата просветен работник, наставникот треба да има јасна слика за својата положба и улога во училиштето како и во општеството, за да ги знае своите правила и одговорности, да биде флексибилен и да го користи своето професионално знаење и умеење.

Во својата професионална работа, наставникот се обврзува:

- Својата професија да ја врши совесно, одговорно и хумано;
- Воспитанието и образованието да му претставува највисок императив во неговото професионално однесување;
- Да ја чува честа и благородните традиции на професијата просветен работник;
- При вршењето на својата професија не смее да прави дискриминација заснована на пол, раса, национално и социјално потекло, политичко и верско уверување, имотна и општествена положба;
- Да ја почитува личноста на своите ученици, нивните родители и своите колеги.

## ПРОФЕСИОНАЛНИОТ ЛИК НА НАСТАВНИКОТ И СТРУКАТА

Наставникот треба:

- Да биде високостручен за работата што ја врши и да има визија за неа;
- Да има современа, општоетичка и општокултурна изразеност и педагошки осет;
- Постојано да се ангажира за што поквалитетно и поефикасно планирање и реализирање на наставата со коректност, сигурност, одговорност и прецизност;
- Да ги почитува законските одредби и одлуките на органите во училиштето и пошироко;
- Секогаш и секаде да внимава на својот јазик кој треба да биде литературен и достоинствен;
- Секогаш да служи за пример со својот изглед, однесување и да гради култура и естетски навики кај своите ученици;

- Да внимава на својот морален лик;
- Да има одговорен однос спрема средствата и условите во кои работи;
- Својата работа во образовната дејност да не ја злоупотребува за лична корист;
- Да биде личност во која може да се има доверба;
- Постојано да работи на своето стручно педагошко усовршување;
- Да го популаризира својот предмет и надвор од училиштето, преку проекти стручни трудови и др.;
- Да иницира и да се ангажира во развојни и други проучувања и проекти во училиштето и надвор од него.

**НАСТАВНИКОТ И ЧАСОТ**

Извршувајќи ја својата работа наставникот:

- Треба навреме да го започне часот;
- Треба редовно да го евидентира часот како и отсутните ученици;
- Да нема пореметувања на планираната работа на часот со соопштенија, разговори и посети;
- Добро да го планира секој наставен час за да овозможи позитивна, опуштена работна атмосфера и ангажирање на сите ученици;
- Часот треба да го изведува според современата наставна технологија.

**НАСТАВНИКОТ И УЧЕНИКОТ**

Наставникот спрема учениците треба да се однесува како кон субјекти и соработници, со примена на постапки кои се во духот на современите педагошки мерки, при што:

- Ја почитува личноста на секој ученик;
- Професионално и чесно се однесува кон секој ученик и е праведен и хуман, објективен и непристрасен;
- Со учениците да избегнува стил на комуницирање и појави недолични за професијата што ја обавува;
- Верува дека секој ученик може да научи и должен е на секој ученик тоа да му го овозможи;

- Не смее да има догматски пристап кон наставните содржини и секогаш да ја поттикнува и негува самостојноста, критичноста и индивидуалноста на ученикот;
- Да ги познава стиловите на учење и ги оспособува учениците за самостојно учење;
- Го учи ученикот како да ги само оценува сопствените постигнувања;
- Го оценува реално знаењето на ученикот и редовно го информира ученикот;
- Бара ученикот навремено и квалитетно да ги извршува своите задачи;
- Не смее да ги омаловажува и навредува учениците;
- Со учениците не смее да пројавува агресивност, нетолерантност, желба за доминација, плашливост, апатичност, болна самоувереност и сл.;
- Никогаш да не го казнува ученикот телесно, него малтретира психички, несе служи со други форми на негативно однесување;
- Го познава социјално економските услови во кои учениците живеат и учат;
- Должен е редовно да им помага на учениците, кои заостануваат во совладување на наставата;
- Должен е да го сослуша секој ученик, кој ќе му се обрати за помош во работата;
- Со учениците не ги искажува своите политички уверувања и определувања;
- Со личен пример и со средства се бори против причинителите на болести од зависност;
- Меѓу учениците постојано гради однос на другарство, меѓусебно разбирање и почитување.

**НАСТАВНИКОТ И РОДИТЕЛОТ**

Наставникот, односно стручниот соработник е во постојана комуникација со родителите и при тоа:

- Се грижи соработката со родителите да биде што по непосредна и ефикасна;
- Го поттикнува интересот и ангажирањето на родителите во решавање на проблемите на учениците;
- За прашањата од личниот и семејниот живот води сметка за потполна дискреција;
- Навреме и објективно ги информира родителите;
- Ги почитува аргументите на родителите;

- Упатува на помош од компетентни лица и установи, кога тој не е во состојба да помогне.

## МЕЃУСЕБЕН ОДНОС НА НАСТАВНИЦИТЕ И СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ

За ефикасно воспитно-образовно формирање на учениците, како и во интерес на угледот и достоинството на професијата и училиштето, наставникот е должен да се грижи да придонесува за градење на позитивни професионално коректни односи со своите колеги, при што:

- Е должен да ги почитува своите колеги врз основа на другарство, искреност и отвореност, со што се обезбедува услов за конструктивна работа и креативност;
- Меѓусебната соработка ја темели врз взаемно договарање, разменување искуства, одлучност и ефикасно извршување на договорените задачи;
- Во личен разговор или стручен состанок, добронамерно укажува на слабостите на своите колеги;
- Ги почитува и спроведува ставовите и одлуките на мнозинството, изградени врз слободна и јавна расправа;
- Солидарен е со својот колега, особено кога станува збор за решавање на социјални и здравствени проблеми;
- Им помага на помладите колеги пренесувајќи го своето педагошко и стручно знаење.

## НАСТАВНИКОТ И УЧИЛИШТЕТО

Наставникот се обврзува;

- Да го почитува работното време и наставниот час;
- Активно да учествува во реализацијата на своите планирани и програмирани задачи на стручни органи и тела;
- Да се грижи за целиот училишен простор и имот;
- Да ги почитува и да се придржува на правилата од куќниот ред на училиштето.

## НАСТАВНИКОТ И ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА

Во современите демократски и плурални услови наставникот, односно стручниот соработник се раководи исклучиво од уставните и законските определби, при што:

- Целосно и безрезервно ја прифаќа општествени-демократската реалност и ориентација на Република Северна Македонија како самостојна и независна држава и како заедничка татковина на сите нејзини граѓани;
- Мора да биде лојален граѓанин на Република Северна Македонија, да го чува нејзиниот углед и авторитет, да се грижи за нејзиниот просперитет, интегритет и сувереност и да придонесува за формирање на учениците во духот на заедничкиот и конструктивен живот независно од националната, верската и друга припадност;
- Се придржува кон меѓународните стандарди, договори и конвенции за слободите и правата на човекот, а особени Конвенцијата на ООН за правата на детето;
- Има право и должност да се залага и да се бори за достоинството и професијата - просветен работник;
- Се залага и се бори за достојна материјална положба на образовните институции со цел да се обезбеди нивно нормално функционирање како основен услов за квалитетно организирање на едукативниот процес;
- Се залага и се бори за соодветен материјален статус на професијата и наградувањето на неговата работа, што ќе му овозможи целосно да се посвети на квалитетно, стручно и одговорно извршување на неговите работни задачи.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Секој наставник се обврзува да го почитува и спроведува овој Кодекс. За непочитување и непридржување на Кодексот, одговорен е прекршителот лично.

**ЗАБЕЛЕШКА**

Со овој кодекс се опфатени основните барања и начека што го определуваат професионално-етичкото однесување на наставниците и стручните соработници.

Овие барања и начела можат да се дополнуваат, прошируваат и усовршуваат.

**Директор**

**Елена Ристоска**

# КОДЕКС ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА **РОДИТЕЛИ**

**Кодексот на однесување на родителите** преставуваат збир на позначајни начела и принципи кон кои треба да се придржуваат и истовремено да ги почитуваат родителите, чии деца се ученици на ООУ „Дебрца“ с.Белчишта. Примената на Кодексот на однесување на родители е со цел да се даде позитивен пример на децата-ученици.

– Да го почитуваат куќниот ред и законските одредби на училиштето;

– Да ја почитуваат хиерархијата во училиштето;

– Со своето однесување да даваат позитивен пример на своите деца ученици;

– При посетите во училиште да го почитуваат кодексот за пристојно облекување.

– Да се погрижат нивните деца редовно да присуствуваат на часовите

– Редовно да се информираат за напредокот и поведението на ученикот (родителски средби, средби со предметни професори и сл.) во рамките на приемните и отворените денови утврдени од страна на училиштето;

– Родителите и останатите лица должни се при влез во училиштето задолжително да се легитимираат;

– На родителите и останатите лица не им е дозволен самоиницијативен влез во училниците и во останатите простории на училиштето.

– За време додека трае наставата родителите своите деца - ученици ги чекаат надвор пред влезот на училиштето, освен во исклучителни ситуации (на екстремни временски услови);

– При застанување или паркирање на своето возило да не ги попречуваат - блокираат влезовите на училиштето;

- Да доаѓаат во училиштето во договорен термин за средба со класен раководител, предметен наставник, директор или педагошко-психолошка служба;
- Информативните средби се одвиваат според утврден распоред и никако за време на настава или за време на одморите;
- Искрено, совесно и одговорно да го информираат наставникот за секоја настаната ситуација во врска со ученикот;
- Да го почитуваат работното време на наставниците и вработените во училиштето;
- Да го почитуваат почетокот и крајот на часот и да не влегуваат во училница за време на час;
- Да го почитуваат угледот на наставникот и на сите вработени во училиштето;
- Пристојно и со почит да се однесуваат кон наставниците и вработените во училиштето и да негуваат коректен однос со нив;
- Да соработуваат со наставниците, стручните служби и директорот на училиштето;
- Да се воздржуваат од коментари (позитивни и негативни) пред детето - ученикот за наставникот и за останатите служби во училиштето;
- Редовно и навремено да одговараат на повикот од наставниците или стручната служба на училиштето;
- Со свои ставови и знаења да помагаат во креирањето на политиката на училиштето.

**ДИРЕКТОР**

Елена Ристоска

# КУЌЕН РЕД

Со куќен ред на Училиштето се регулира редот, дисциплината, односите меѓу учениците, наставниците и наставата во Училиштето. Според Законот за основно образование, како и Статуот на Училиштето, учениците имаат права кои ги остваруваат преку наставата и другите облици на воспитна-образовна работа, а истовремено имаат и обврски кои што треба да ги исполнуваат и почитуваат.

1. Училиштето работи во една смена.
2. Учениците доаѓаат на настава најдоцна десет минути пред почетокот на наставата.
3. По завршувањето на наставата учениците ја напуштаат училишната зграда.
4. Сите потреби од административен карактер учениците ги остваруваат исклучиво преку класните раководители (потврди, уверенија и сл.)
5. Ученикот како субјект во воспитно-образовниот процес да има јасна слика за својата положба и улога во училиштето и да ги знае своите права и одговорности и да се прилагодува на новите барања.
6. Учениците да ги почитуваат законските одредби и одлуките на органите во училиштето и пошироко.
7. Секогаш да служи како пример со својот изглед и однесување и да формира културни и естетски навики, да внимава на својот морален лик.
8. Да се почитуваат аргументите на другите и да не се даваат непристојни коментари.
9. Секој ученик треба да биде ценет како личност без оглед на неговите способности, талент, пол, раса, култура, традиции, националност, вероисповед и социјална положба.
10. Ученикот да има совесен, одговорен и хуман однос кон сите во училиштето.

11. Да ја почитува личноста на своите соученици, наставници и родители и да ја цени меѓусебната зависност на индивидуи и групи.
12. Во случај кога наставникот од било која причина не е на часот подолго од 10 минути, потребно е дежурниот ученик да ја извести стручната служба, заради регулирање на часот.
13. Додека трае часот, забрането е излегување од часот и шетање низ ходници за да не се наруши текот на наставата.
14. За време на наставата потребно е во училишната зграда да има работна дисциплина.
15. Се забранува групно и индивидуално напуштање на часови. Поради истото на учениците ќе им бидат изречени педагошки мерки.
16. Должност на сите ученици е да ја одржуваат хигиената во училниците, ходниците, тоалетите и училишниот двор.
17. Најстрого е забрането пушење во училиштето и внесување на дрога, алкохол и оружје.
18. Најстрого се забранува непочитување, нарушување на личноста и угледот и физичкиот интегритет на соучениците, вработените и наставниците во и надвор од училиштето.
19. Најстрого се забранува предизвикување на тепачки, а меѓусебните недоразбирања учениците да ги решаваат на другарски начин, сами или во рамките на Класната заедница, или во соработка со раководителот на паралелката .
20. Должност на сите ученици е културно и домаќински да се однесуваат кон училишниот имот, кабинетите, компјутерите, училишниот инвентар, инсталациите и сл. Секоја направена штета ќе се надомести, а за одредени штети се изрекуваат педагошки мерки според Статутот на училиштето.
21. Должност на сите ученици за време на одморите да внимаваат на хигиената во холот на училиштето и во училишниот двор .
22. Забрането е да се пишува по ѕидовите во зградата на училиштето и надвор од него.

23. Најдоследно е да се почитува правилникот за употреба на учебниците, а тоа значи:
    - На почетокот на учебната година, сите ученици ќе добијат комплет бесплатни учебници.
    - За истите ќе потпишат документ за што се обврзуваат да ги вратат во исправна состојба
    - Учениците не смеат да ги оштетуваат, бележат и потцртуваат одредени реченици или делови од текстот на учебникот
    - По завршувањето на наставната година, учениците се должни да ги вратат учебниците неоштетени и во добра состојба
    - Ако ученикот не го врати комплетот на учебници или врати оштетен, неговиот родител односно старател ќе ја надомести вредноста на комплетот на учебници.
    - Степенот на оштетување на учебниците ќе го утврдува комисија формирана од страна на Директорот.
24. Најдоследно да се почитуваат инструкциите дадени од предметните наставници за заштита и користење на компјутерите кои се наоѓаат во училниците.
25. Посебно место во животот и работата на учениците во училишната зграда треба да зазема развивањето на еколошка свест и чувањето на работната средина во и надвор од училиштето.
26. Забрането е користење на мобилен телефон за време на часовите, истиот мора да биде исклучен.
27. Изостанувањето на учениците, нивните родители ги оправдуваат во рок од два дена.
28. Учениците кои се истакнуваат со својата работа, успех и поведение, ќе бидат наградени и пофалени.
29. Пофалбите, дипломите на наградените ќе им бидат доделени на крајот на наставната година.

**ДИРЕКТОР**
**Елена Ристоска**